


Македонија отсекогаш патела од предавници и продадени души, но ова веќе ја преминува секоја граница.

До кога треба да се толерираат оние кои упорно работат на тоа да не` нема, да ни го срушат достоинството, гордоста и најлошо од се`со своите глупости да и`го валкаат името на нашата Македонија.

Народов веќе доволно претрпе додека предавнички, плитки и проклети умови решаваат за неговата иднина!

Продадоа име, идентитет и што уште не. Нашиов народ има поговорка која вели: „Ѓаволот ни ора, ни копа“... Галиба грешка е! И ора и копа и ни ја вади душата со секој

збор излезен од било која уста што е против интересите на Македонија!!!

Македонија има патриоти во Македонија и дијаспората кои си ја сакаат државата и се` би дале за неа, се грижат за својот народ и работат во интерес на државата.

Македонија не смее повеќе да си дозволи понижување! Македонија ни е наследство од нашите претходни генерации!

**Затоа мили наши браќа и сестри, да го подржиме големиот протест во организација на ВМРО-ДПМНЕ на 18 јуни пред владата на Република Македонија во Скопје.**

Секој Македонец треба да застане во првите редови на фронтот во одбрана на иднината на нашите деца и внуци, во одбрана на демократијата, за да ја зачува слободата и да не стане граѓанин од втор ред во својата земја.

Да не дозволиме душманите да направат уште еден геноцид врз Македонците, овој пат идентитетски.

Само така обединети, ќе им се спротивставиме на овие предавници, продадени души и ќе покажеме дека Македонија раѓала, раѓа и ќе раѓа синови кои знаат и можат да ја одбранат!

Само обединети можеме да ја одбраниме нашата Македонија и да им ја обезбедиме иднината на нашите деца и внуци**!**


ПРОТЕСТ
ЗА ПРОМЕНИ
18.06.2022 ПРЕД ВЛАДА
ВМРО-ДПМН



***Унија на Ветерани на ВМРО-ДПМНЕ***